РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Бр. 12 - 276/3-1
5.3.2019 година
Скопје

**До**
**Деканот на Факултетот**

***Предмет:*** **Информација за доделување на студентски стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Почитувани декани,

Во врска со информацијата од 234. седница на Ректорската управа за отворената можност за доделување на студентски стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Ве информираме дека Одборот на Фондацијата на седницата одржана на 15.2.2019 година донесе Одлука за доделување на стипендии на редовни студенти од прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На секој факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се доделуваат по 5 стипендии на редовни студенти од прв циклус студии кои имаат запишано најмалку трет семестар во учебната 2018/2019 година, во висина од 6.000,00 денари/месечно, и ќе се исплатуваат 10 месеци во студиската година почнувајќи од октомври и заклучно до јули.

Постапката за распределба на стипендиите од член 1, став 2 на оваа Одлука **ја спроведува факултетот** врз основа на распишан интерен конкурс и критериуми за доделување на стипендиите кои се утврдени во Правилникот за начинот и критриумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година.

Факултетот донесува одлука за избор на 5 (пет) добитници на стипендија. Изборот го потврдува Одборот на Фондацијата кој донесува одлука за потврдување на изборот за добитниците на стипендијата. Доколку за некој стипендист Одборот на Фондацијата не го потврди изборот, од Факултетот ќе побара нов предлог за стипендист од листата на веќе пријавените кандидати.

За спроведување на интерниот конкурс, кој се објавува на огласна табла на факултетот и јавува на веб страницата на факултетот во прилог ви доставуваме модели на потребната документација и критериуми за рангирањето:

*<u>потребната документација</u>*

1. Модел-одлука за распишување конкурс
2. Модел-конкурс за доделување стипендии
3. Модел- изјава дека стипендистот не е корисник на стипендија или кредит од други установи, институции или компании
4. Модел- изјава вистинитост на податоците кои ги доставува
5. Модел- изјава за давање согласност за обработка на неговите лични податоци
6. Модел- изјава од кандидатот за бројот на членовите во неговото потесно семејство
7. Модел-пријава

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

8. Модел-преглед на кандидати
9. Модел-одлука за доделени стипендии

*критериуми за рангирањето*

Прилог 1 на овој допис.

Врз основа на наведеното, постапката можете да ја започнете уште веднаш.
Благодариме за соработката.

Со почит,

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk